РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

| Примено: 24. 06. 2010 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 2403/1 | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ” бр. 58/00 и 44/02) член 30 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ” бр. 103/08), министерот за образование донесе наставна програма по предметот *англиски јазик* за III одделение за деветгодишно основно училиште за учениците со оштетен вид.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

АДАПТИРАНА НАСТАВНА
ПРОГРАМА ЗА УЧЕНИЦИТЕ
СО ОШТЕТЕН ВИД

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# АНГЛИСКИ ЈАЗИК

**III ОДДЕЛЕНИЕ**

ДЕВЕТГОДИШНО
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, јуни 2010

# 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО III ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да се оспособи слухово и визуелно да препознава нови зборови и да го разбере нивното значење;
- да може да репродуцира зборови и едноставни јазични искази;
- да може да ја препознава графијата на претходно усно усвоени зборови;
- да се оспособи да пишува познати зборови по спелување;
- да може да води едноставна комуникација на ниво на усвоениот вокабулар и со примена на јазични функции блиски на возраста на учениците;
- да стекне информации за други култури.

## 2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Компонента 1. ЛЕКСИЧКИ ЕДИНИЦИ[1] | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да го разбере значењето на лексичките единици, да ги репродуцира и да ги употребува во соодветни говорни ситуации. | Моето семејство (пошироко семејство) | Grandmother/grandma Grandfather/grandpa /granddad Cousin | Активности од типот на вежби со слушање аудиоснимки или говорот на наставникот и репродуцирање на слушнатото, именување на членовите на семејството по даден постер, фотографии, флеш-карти, цртежи итн. |
| | Мојот дом (видови на живеалишта и простории) | Flat/ apartment, house Kitchen, living room, bedroom, bathroom | Активности од типот на вежби со слушање аудиоснимки или говорот на наставникот и репродуцирање на слушнатото, препознавање и именување на просториите во домот според фотографии, флеш-карти (подредување на сликички од простории во домот според сопствениот распоред на просториите на учениците и индивидуално презентирање на својот дом), постер, игра (*memory game-word chain*), цртање на просториите во домот и презентирање пред целото одделение и сл. |
| | Годишни времиња, месеци, денови од неделата, цели часови | Spring, winter… January, February, March…Monday, Tuesday… It's five o'clock. | Вежби со цртање на појави карактеристични за одредено годишно време, раскажување на приказна за актуелното годишно време, игри, песнички, симулација по дадена ситуација и сл. |
| | Спортови (искажување способност за реализација на активност) | I can swim. I am swimming. Peter is playing football. | Активности од типот на водење дискусија на тема: „Мојата омилена храна"; претставување на омилен оброк преку цртеж;, игри од типот *Find your favourite food* со користење на флеш карти и сл. |

[1] При обработка на новиот лексички материјал не треба да се воведуваат повеќе од 5-6 нови лексички единици по наставен час. Лексичкиот материјал сукцесивно се проширува и се повторува.

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Овошје и зеленчук | Apple, banana, peach, grapes...<br>Carrot, tomato, pepper, potato... | Презентирање на овошје и зеленчук со користење на реалија; цртање на омилено овошје/зеленчук; поврзување на боите со овошјето; вежба од типот симулација (учениците се ставаат во улога на купувачи овошје/зеленчук и продавач); игра од типот Wordbox и сл. |
| | Именување на основните оброци со нивната вообичаена содржина | Breakfast (bread and butter, tea/yoghurt, bacon and eggs)<br>Lunch (soup, salad, meat, desert)<br>Supper (sandwich, cheese, milk) | Активности за загревање (дискусија за омилениот оброк на учениците и неговата содржина); цртање на омилен оброк; користење на гестикулација и мимики за искажување омилено/неомилено јадење; игра од типот на користење на флеш карти и групирање на елементите според трите главни оброци; активност од типот Wordbox и сл. |

| Компонента 2. ГРАМАТИЧКИ СТРУКТУРИ[2] | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката: | | | |
| - да ги разбере, разликува и активно да ги користи формите од глаголот to be за прво и второ лице множина во усна комуникација. | Present s. tense of to be | We are, you are | Активностите и методите кои ги сугерираме можат да се применат во сите наведени содржини во граматиката согласно барањата за изучување на граматичките структури. Активности кои се сугерираат за реализација на содржините од граматиката се следните:<br>- слушање на исказ од наставникот и невербално реагирање на истиот (мимика, гестикулација, ТПР);<br>- вежби од типот на вербално реагирање на поставено прашање;<br>- вежби со користење на илустрации, флеш карти и постери;<br>- користење на реалија како средство за реализација на одредени содржини од граматиката;<br>- игри со броење, цртање, подредување;<br>- песнички;<br>- играње по улоги и симулации на дадени ситуации и сл. |
| - да го разбира значењето на глаголот to have/have got и истиот да го применува во усната комуникација. | Present s. tense of to have/have got | We have/have got<br>You have/have got | |
| - да се запознае со формите за прво и второ лице множина и соодветно да ги употребува во усната комуникација. | Лични заменки | We, you | |
| - да може да го препознае значењето на присвојните придавки за прво и второ лице множина и нивна правилна примена. | Присвојни придавки | Our, your | |
| - да може да го разбере значењето на описната придавка и нејзината правилна примена при давањето описи. | Описни придавки како дел од предметот | Tall, short<br>My teacher is tall. | |
| - да може да го разбере значењето на најфреквентните предлози за место и истите правилно да ги употребува. | Предлози | In, on, under, behind, in front of, up, down, into, at. | |
| - да може да ги препознае, разликува и правилно да ги применува одредениот член a/an и одредениот член the. | Неодреден и одреден член a/an, the | A carrot, an egg, the book…<br>The book is on the table. | |

[2] Граматичките структури никогаш не се толкуваат експлицитно, туку нив учениците ги усвојуваат глобално во предложени јазични структури.

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да може да го разбере значењето на помошниот глагол can во контекст на искажување способност за вршење на одредено дејствие и истиот правилно да го употребува во истиот контекст. | Помошен глагол can и прашална форма со глаголот can | Ana can swim.<br>Can you draw a fish? | |
| - да може да брои од 1-100. | Главни броеви | 1-100 | |
| - да ја разбере, препознае и правилно да ја применува правилната множина кај именките. | Еднина и правилна множина кај именки | Carrot – carrots | |
| - да ја разбере, препознае и правилно да ја применува неправилната множина кај именките. | Неправилна множина кај именките | One fish – ten fish | |
| - да ја препознава, разликува и правилно да ја применува безличната форма за искажување еднина и множина. | Разликување еднина и множина | There is an apple on the table.<br>There are six apples on the table. | |
| - да ги разбира, препознава и правилно да ги применува прилозите за сегашно време. | Прилози за време | Today, now<br>Today is Tuesday.<br>We are playing tennis now. | |
| - да ги разбира, препознава и правилно да ги применува прилозите за место. | Прилози за место | Left, right.<br>Go left! Turn right! | |
| - да го разбере, препознае и правилно да го применува Present continuous tense (сегашно време) за искажување дејствија кои се случуваат во моментот на зборувањето. | Сегашно време (Present continuous tense) | Bob is drawing a potato now. | |
| - да го препознава значењето на Present simple tense (сегашно време) во 3-то лице еднина. | Сегашно време (Present simple tense). | He lives in a house. | |
| - да го препознава значењето на Present simple tense (сегашно време) во прашална форма во 3-то лице еднина. | Прашална форма во сегашно време (Present simple tense). | Do you like milk?<br>Does she like purple? | |

| Компонента 3. ЈАЗИЧНИ ФУНКЦИИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да може да води едноставна комуникација во соодветни говорни ситуации со примена на јазичните функции на ова ниво на изучување на јазикот, односно блиски на неговата возраст. | Претставување, давање опис на себеси и другите, искажување возраст и способност | This is Tina. She is my cousin. She is 10. She has got brown hair. She is tall. She can swim. Her birthday is in July. | Активности од типот на претставување и давање опис на близок/блиска пријател/пријателка или роднина од непосредното окружување по дадена фотографија; правење цртеж по даден опис од соученик; кажување приказни и сл. |
| | Поставување едноставни прашања и давање одговор на истите | What`s your name? - I`m Svetlana.<br>Who is this?- This is my friend.<br>What time is it? - It is five o`clock.<br>What day is it today?- Monday. | Игри во двојки (водење дијалог); игри од типот *Blindfolded Conversation,, What`s the time, Mr. Wolf?* и сл. |
| | Модели на културно однесување | Here you are!-<br>Thanks/Thank you very much- You are welcome. | Увежбување на јазичната функција преку работа во двојки (симулација по дадена ситуација), драматизација и сл. |
| | Искажување на вкус и став кон нешто | Lucy likes pasta.<br>I don`t like carrots. | Искажување на индивидуални ставови и вкусови за одреден вид на храна, бои, делови од облека, годишни времиња и сл.; цртање на претходно искажани ставови; прекажување на ставови и вкусови од соучениците и сл. |
| | Искажување на дејствија кои се случуваат во моментот | I am playing hide and seek now.<br>The fish is swimming.<br>Bob is eating a tomato.<br>They are singing a song. | Активности од типот на гестикулирање (симулирање) дејствија по даден вербален исказ; давање вербален опис на дејствие по даден цртеж или слика и сл. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Искажување количина | There is one chair behind the desk.<br>There are seven days in a week. | Активности од типот на набројување на предмети од училишниот прибор на учениците (индивидуално од страна на секој ученик); денови во седмицата, месеци во годината, годишни времиња, набројување на п¿9стории во домот, вербално искажување по дадени слики, цртање и боење според даден исказ за количина од страна на наставникот и сл. |
| | Искажување наредби | Turn left!<br>Go right! | Игри од типот на *Robot game, Simon says*……и сл. |
| | Искажување на време:<br>-часови<br>-денови<br>-месеци<br>-годишни времиња | - What time is it?-It`s eight o`clock.<br>- What day is it today?-It is Tuesday.<br>- What month is it?-September.<br>- What season is it?-It is spring. | Игри од типот:<br>- *Dance of the Ostriches*, (учениците се поделени во два тима со по еден претставник кој ги има рацете на грбот, еден од учениците на грбот има запишан број на лист кој другиот ученик се обидува да го види и правилно репродуцира. Успешниот обид носи поен за тимот.)<br>- The winner says...Sunday!<br>- Расипан телефон со употреба на денови и месеци. |
| | Посакување пријатни празници | Have a nice holiday!<br>Have a nice weekend! | Симулирање на говорна ситуација на тема празници (училиштен распуст, национални и верски празници и др.) и сл. |

| Компонента 4. СЛУШАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да може да го разбере значењето на лексичките единици предвидени за изучување за оваа возраст. | Лексичка единица | Tomato, carrots…<br>Kitchen, living room…<br>Winter, autumn… January, August…. Monday, Wednesday… | Невербално реагирање на: говорен поттик, слики, постери, флеш карти; игра од типот *Simon says*... (на пр., со покажување); песни и сл. |
| - да разбира едноставни куси искази. | Едноставни куси искази | Bob is drawing a potato now.<br>Susan can swim. | Вежби од типот на соодветно реагирање на слушнати искази (од аудиозапис или од наставникот, на пр: движење на телото, мимика); невербално реагирање на инструкција/исказ од наставникот и сл. |

| Компонента 5. ГОВОРЕЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- правилно да ги изговара и соодветно да ги применува лексичките единици во едноставни куси искази предвидени за ова ниво за изучување на јазикот во рамките на предвидените јазични функции и граматички структури. | Моето семејство | I have two cousins. | Активности од типот на вербално повторување и продуцирање на едноставни исказни реченици преку: играње по улоги, бројалки, рецитирање и пеење, по можност проследено со движења, учество во кратки дијалошки ситуации, драмски изведби и раскажување приказни како потврда за усвоеност на лексиката и структурите. |
| | Мојот дом | My house is big. | |
| | Годишни времиња, месеци од годината, денови од неделата, цели часови | My birthday is in spring.<br>Our winter holiday is in January.<br>Today is Monday.<br>It`s five o`clock. | |
| | Спортови | Susan can swim. | |
| | Овошје и зеленчук | Peter likes grapes. | |
| | Основни оброци и нивната содржина | Ana is eating bread and butter. | |

**Компонента 6. ЧИТАЊЕ**

| Цели | Содржини | Примери | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да може да ја меморира графиската слика на зборови и изолирани реченици на ниво на претходно усвоени усни модели. | Читање содржини од усвоениот вокабулар, јазични функции и едноставни куси искази. | Apple, dog, blue, milk...<br>She is ten. Thank you.<br>The pencil is on the desk.<br>Tom has two dogs... | Вежби од типот на гласно читање (во група и индивидуално); активности од типот на поврзување на зборови со слики и предмети; поврзување на едноставни куси реченици со слики; стимулирање на читање со разбирање (користење на флеш карти, сликички, постери итн.) и сл. |

**Компонента 7. ПИШУВАЊЕ**

| Цели | Содржини | Примери | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да се оспособи правилно да го користи англиското писмо. | Англиската азбука | A, B, C, D... | Вежби од типот на дополнување на зборови со испуштени букви (игра од типот *Hangman*); вежби со пишување на своето име; игра од типот составување на едноставни зборови од дадени букви со измешан редослед и сл. |
| - да може да пишува познати зборови по спелување. | Правилно спелување. | Lile (el, ai, el, i)... | Вежби по спелување на познати едноставни зборови *Spelling Bee* и сл. |

**Компонента 7. Култура**

Содржините од Култура се застапени во сите компоненти во изучувањето на јазикот, односно не се изучуваат изолирано како посебна компонента.
Целта е да се создаде сензибилизација за воочување на културолошките разлики и сличности како основа за развивање на толеранција и емпатија кон другиот и различниот (на пр., преку имиња, празници, модели на културно однесување, храна, песни, игри, бројалки, комуникативни модели, паралингвистички елементи и др.).

## 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Во планирањето на наставата за трето одделение предвид се земени содржините во наставните програми по другите предмети кои се изучуваат во трето одделение, односно почитуван е принципот на меѓупредметно поврзување по однос на целите и содржините со акцент на интегрирано поврзување со содржини од мајчиниот јазик.
Наставата по англиски јазик за учениците на оваа возраст се заснова на мултисензорно (визуелно, аудитивно, тактилно и др.) и холистичко учење кое ги опфаќа когнитивните, афективните и моторните аспекти на учениците, односно наставникот ќе ги интегрира различните компоненти со што јазикот ќе се учи на функционален начин.

Согласно горенаведеното во странскиот јазик не можат да се издвојат, односно не може да се планира бројот на часовите по одделни компоненти.

Тежиштето на работата на часовите по англиски јазик во трето одделение е на усното искажување кое се поврзува со дадена ситуација во училницата, преку игри, драматизација, песни или движења со поттикнување на фантазијата и на креативноста на ученикот. Учениците, во глобала, ги усвојуваат содржините механички (со репродукција), но битно е да се провери правилното разбирање на значењето на пораката вклучувајќи ги и културолошките елементи.

*Наставни средства:*
- комплет од одобрен учебнички систем;
- пакет прирачен материјал за наставникот (флеш-карти, постери, играчки);
- касетофони/касети со песни; компјутер со соодветен софтвер; ЦД-РОМ, ТВ со ДВД;
- други извори на учење во непосредната околина - предмети во просторијата каде се изучува англискиот јазик;
- Интернет пристап, образовни софтвери;
- списанија за наставникот.

## 4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

*Следење на постигањата на учениците*

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите и сл. (формативно оценување). Секоја активност на часот при која учениците ја искажуваат јазичната активност, било на рецептивно, репродуктивно или продуктивно ниво, дава можност за воочување на напредокот и негово вреднување. Тоа значи дека евалвацијата се врши како интегрален дел на самиот наставен час, а не како изолиран чин. Многу е важно при постапките на проверка на знаењето, како и оценувањето на ученикот, тие постапки да не се разликуваат од вообичаените активности на часот, односно учениците не треба посебно да се издвојуваат од групата при проверката на усното јазично реагирање.

**Битно е** поголем акцент да се стави на позитивните аспекти на напредокот на учениците, т.е. на она што ученикот го знае, а не она што не го знае. Важно е секој напредок да се награди соодветно, бидејќи на младите ученици им е потребна повратна информација за остварениот успех, што може да биде усна пофалба или позитивна реакција изразена преку гест или мимика или, пак, со насмевка од страна на наставникот, нацртан цвет и сл.

Вреднувањето на напредокот на учениците ќе се врши описно при што наставникот има обврска во посебна тетратка континуирано да води забелешки за секој ученик посебно за неговото напредување согласно компонентите на јазикот предвидени со наставната програма за трето одделение.

## 5. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на Нормативот за простор за I, II и III одделение и за наставните средства за I одделение донесен од страна на министерот за образование и наука.

Просторните услови и опременоста на училниците за успешна реализација на наставната програма за трето одделение треба да се во согласност со општиот норматив за опременост за реализирање на наставните програми за трето одделение.

Се препорачува, заради полесен визуелен контакт помеѓу учениците, за да слушнат подобро што се зборува, и најоддалечениот ученик да има преглед на училницата, клупите да бидат наредени на следниот начин: повеќе клупи доближени заедно, разни варијанти на буквата U, како и преместување и групирање на столчињата по потреба (при драматизација).

## 6. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

- Завршени студии по англиски јазик и литература - наставна насока, VII$^{1}$.
- Завршени студии по англиски јазик и книжевност, VII$^{1}$.
- Завршени студии по англиски јазик и литература - друга насока и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на соодветен факултет, VII$^{1}$.
- Завршени студии за одделенска настава со модул за англиски јазик VII$^{1}$.

## 7. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Ученикот/ученичката:

- го разбира значењето на лексичките единици предвидени за усвојување согласно барањата на наставната програма и
- истите може да ги репродуцира и употребува во соодветни говорни ситуации;
- реагира на упатства на наставникот во активностите за време на часот;
- ја препознава графијата на усно усвоени зборови;
- меморизира, репродуцира и продуцира едноставен кус исказ, дел од песничка или бројалка;
- води едноставна комуникација со користење на најфреквентните јазични функции од секојдневието на ученикот/ученичката;
- применува основни граматички структури, при што се дозволени грешки што не пречат во разбирањето;
- опишува, се искажува применувајќи ги усвоените лексички единици на ниво на едноставен кус исказ;
- чита група на зборови, едноставни куси искази што претходно усно ги совладал/совладала;
- пишува познати зборови по спелување;
- има информации од културата на земјите со англиски говорен јазик;
- користи ИКТ во содржини од предметот.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
КАБИНЕТ НА МИНИСТЕРОТ
Бр. 07-5211/3
23.06.2010 год.
СКОПЈЕ

## 8. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по англиски јазик за трето одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен вид ја донесе

Никола Тодоров,
министер за образование и наука

Скопје 23.06.2010